Врз основа на член 190 и член 113 став 10 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр.95/05, ........ и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.09.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работење на брокер**

**Член 1**

Во Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работење на брокер ("Службен весник на РМ" бр. 182/2016)

во член 2,

став (1), зборовите ,,*Република Македонија*,, се заменуваат со зборовите ,,*Република Северна Македонија*,,

став (2), по алинеја 3, се додава нова алинеја која гласи:

- *,,број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал,,*

**Член 2**

Во член 3

- став 1 алинеја 2, *се брише.*

- во став 4

  во алинеја 1 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,,,

  во алинеја 2 зборовите ,,*надлежниот суд*,, се заменуваат со зборовите ,,*надлежен орган*,, а зборовите после запирката *се бришат*.

- по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

,,(6) *Подносителот на барањето задолжително дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоци во постапката за прибавување на потребните потврди од други институции по службена должност.*

**Член 3**

Во Прилог 1 Образец, Б-ДБ по зборовите ,,*Република Македонија*,, се заменуваат со зборовите ,,*Република Северна Македонија*,,, а по зборот ,,*ЕМБГ*,, се додаваат зборовите ,,*број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал*,,.

**Член 4**

Во Прилог 2 Образец, И-СПР по зборовите ,,*ЕМБГ*,, се додаваат зборовите ,,*број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал*,,.

**Член 5**

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работење на брокер.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Број 01-822/2**
**Скопје, 12.09.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност**
**на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**